- ЈАВНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА БАЊА БАНСКО -

Архивски број: 04-290/1
Датум: 11.06.2025

Врз основа на член 21 од Статутот на Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско, член 23, точка 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/104, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/25), член 8 став 13 од Колективниот договор за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/19 и 203/23),а во врска со Јавниот оглас бр.1/2025, ВД Директорот на Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на 1 (еден) извршител на неопределено време за работно место Медицинска сестра по пат на Јавен оглас**

1) По Јавниот оглас број 1/2025 за вработување на неопределено време на 1(еден) извршител во Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско, објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха", за работното место Медицинска сестра за институционално згрижување на корисници и обезбедување на услуги во заедницата, звање на работно место Помошно стручен службеник од второ ниво со шифра на работно место СОЗ0303Б02010 во Служба за институционално згрижување на корисници и обезбедување на услуги во заедницата, Оддел за нега и медицинска рехабилитација во Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско, од предложената ранг- листа се избира кандидатот **Андонова Спасова Павлинка**.

2) Одлуката за избор ќе биде објавена на огласна табла на Установата и на веб страницата на Установата (zavodbansko.mk).

3) Избраниот кандидат Договорот за вработување ќе го потпише по конечноста на Одлуката за избор.

4) Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха"беше објавен Јавен оглас бр. 1/2025 за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител во Јавна установа


Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско, с.Банско, Струмица
Instituti për Mbrojtje dhe Rehabilitim Banja Bansko, fsh. Bansko, Strumicë
с.Банско, бб, о.Струмица
Република Северна Македонија
Fsh. Bansko, pa numër, kom. Strumicë
Republika e Maqedonisë së Veriut
+38970/253-169
www.zavodbansko.mk
e-mail: juzzr-st@mtsp.gov.mk

## - ЈАВНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА БАЊА БАНСКО -

Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско и тоа на ден 29.05.2025 година и траеше пет работни дена.

Јавниот оглас беше за работното место Медицинска сестра за институционално згрижување на корисници и обезбедување на услуги во заедницата, звање на работно место Помошно стручен службеник од второ ниво со шифра на работно место СО30303Б02010 во Служба за институционално згрижување на корисници и обезбедување на услуги во заедницата, Оддел за нега и медицинска рехабилитација во Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско, за еден извршител.

Со Решение број 04-270/1 од 30.05.2025 година, формирана е комисија за селекција на вработување за спроведување на постапкатаза вработување по објавениот оглас која се состоиод две фази:

- административна селекција која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување и приложените докази во пријавата и
- интервју со кандидатите за вработување.

Во Записникот од спроведената административна селекција бр.04-286/1 од 10.06.2025 година, утврдено е дека е пристигната една пријава за вработување на работно место Медицинска сестра и тоа од горeименуваната, која ги исполнува општите услови и посебниот услов од Јавниот оглас и истата е поканета на интервју на ден 11.06.2025 година. По завршувањето на интервјуто, Комисијата состави Записник од спроведеното интервју бр. 04-288/1 од 11.06.2025 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Медицинска сестра бр. 04-289/1 од 11.06.2025 година и истите ги достави до ВД Директорот, за ВД директорот да изврши избор.

Согласно Записникот од спроведената административна селекција бр.04-286/1 од 10.06.2025 година, Записникот од спроведеното интервју бр. 04-288/1 од 11.06.2025 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Медицинска сестра бр. 04-289/1 од 11.06.2025 година од Комисијата за селекција на вработување, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Горенаведениот кандидат ќе заснова работен однос на неопределено време во Јавна установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско, по конечноста на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот може да поднесе приговор до Управниот одбор на Установата, во рок од осум дена од денот на приемот на истата.

ВД Директор

Ѓорѓи Пилафов


Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско, с.Банско, Струмица
Instituti për Mbrojtje dhe Rehabilitim Banja Bansko, fsh. Bansko, Strumicë
с.Банско, бб, о.Струмица
Република Северна Македонија
Fsh. Bansko, pa numër, kom. Strumicë
Republika e Maqedonisë së Veriut
+38970/253-169
www.zavodbansko.mk
e-mail jzzzr-s@mtsp.gov.mk